Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
ОКСЗД
Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-395/3
13-06-2024 година

Постапувајќи по претставката бр. 08-395/1 од 29.04.2024 година, поднесена од [redacted] комитет за човекови права против лицето [redacted] од Скопје за сторена дискриминација во областа на јавно информирање и медиуми, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (во натамошниот текст: Комисијата) врз основа на член 27 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 258/2020), на 31.05.2024 година го донесе следното

## МИСЛЕЊЕ

**СЕ УТВРДУВА ВОЗНЕМИРУВАЊЕ** врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет сторено од страна на лицето [redacted] од Скопје насочено кон ЛГБТИ+ заедницата во областа на јавно информирање и медиуми.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација на ден 29.04.2024 година е доставена Претставка бр. 08-395/1 од страна на [redacted]
Во претставката подносителот тврди дека е сторена дискриминација по основ сексуална ориентација и родов идентитет во областа на јавно информирање и медиуми, односно на платформата „ИНСТАГРАМ" врз припадници на ЛГБТИ+ заедницата од страна на лицето [redacted]

Имено, лицето [redacted] на платформата „ИНСТАГРАМ" по одржувањето на Првиот круг на Претседателските избори во Република Северна Македонија, објавил видео на стори од локалот Комитет, локал кој претставува безбеден простор во кој се социјализираат ЛГБТ заедницата преку различни настани. Видеото има два хаштази и порака од пријавеното лице- "Еве едно предлог место за [redacted] Комитет #ПедериОбединетеСе #ВтораРунда". Снимена е и објавена е и локацијата каде се наоѓа локалот Комитет.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 24, став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на ден 09.05.2024 година, до лицето [redacted] испрати известување со барање за произнесување по наводите од претставката.

Со оглед на фактот дека во законски предвидениот рок потенцијалниот дискриминатор не достави поднесок за произнесување по наводите од претставката, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација при носењето на ова мислење ги ценеше само наводите на подносителот на претставката, односно доставените докази и објавеното видео во прилог.

Согласно своите законски надлежности, имајќи ги предвид фактите на случајот и увидот во содржината на приложените докази меѓу кои и објавеното видео, Комисијата за

спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот, констатирајќи дека е исполнета законската дефиниција за вознемирување од член 10 од Законот за спречување и заштита од дискриминација:

*„Вознемирувањето претставува несакано постапување кон лице или група лица врз дискриминаторски основи што има за цел или последица, повреда на достоинството или создавање на заканувачка, непријателска, понижувачка или застрашувачка средина, пристап или практика."*

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека [redacted] со објавување на горенаведените коментари на видеото на платформата „ИНСТАГРАМ", кои продуцираат вознемирувачка содржина, сторил вознемирување врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет во областа на јавно информирање и медиуми спрема ЛГБТИ+ заедницата.

Согласно член 27 став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, по утврденото вознемирување, со цел отстранување на повредите на правото, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ја донесе следната

## П Р Е П О Р А К А

1. СЕ ПРЕПОРАЧУВА именуваниот во рок од 30 дена од денот на добивањето на мислењето со препораката, јавно да се извини на припадниците на ЛГБТИ+ заедницата, со стори на платформата "Инстаграм" и за тоа да ја извести Комисијата.

2. СЕ ПРЕПОРАЧУВА именуваниот во иднина да се воздржи од објави во било кој медиум и во било кој формат, а кои објави во себе содржат вознемирувачка содржина врз било кој дискриминаторски основ.

Комисијата го следи извршувањето на мислењата и препораките за конкретните случаи на дискриминација, сè до нивното исполнување. Доколку субјектите кон кои е упатена Препораката не постапат по истата, Комисијата има законска надлежност да поднесе барање за покренување на прекршочна постапка пред надлежниот суд за прекршоци, согласно член 27, став 4 од Законот за спречување и заштита од дискриминација.

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател
Игор Јадровски

Доставено до:
[redacted]